Кошаркарска Федерација
на Северна Македонија

# КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

# РЕГИСТРАЦИСКИ ПРАВИЛНИК

# Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

Врз основа на Член 38 од Статутот на Кошаркарската Федерација на Северна Македонија, Собранието на Федерацијата, од ден 01.08.2025 год. донесен е пречистен текст на:

## РЕГИСТРАЦИСКИ ПРАВИЛНИК НА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**ЧЛЕН 1**

Со овој Правилник се уредуваат правилата и постапките за упис и евиденција на клубовите во Кошаркарската Федерација на Северна Македонија, регистрација на играчи, премин на играчи од еден во друг клуб во Република Северна Македонија, преодни рокови за играчи, фузија и раздвојување на клубови, настап на домашни играчи во странски клубови, регистрација и настап на домашни играчи повратници од странство, настап на странски играчи во Република Северна Македонија, право на настап на играчи на натпревари во лигите на Кошаркарска Федерација на Северна Македонија и лиценцирање на кошаркарски тренери.

**ЧЛЕН 2**

Регистрациската комисија на КФСМ, согласно овој Правилник, во постапките наведени во член 1 одлучува како првостепен орган.

### УПИС И ЕВИДЕНЦИЈА НА КЛУБОВИ

**ЧЛЕН 3**

Клуб кој сака да стане член на КФСМ, на пропишан образец, до Регистрациската комисија на КФСМ поднесува молба за упис.

Клубот што поднесува молба е должен:

1. Во молбата да ги наведе следните податоци:
1.1. Целосен назив на субјектот, согласно решението од Централен Регистар на Р. Северна Македонија;
1.2. Име под кое клубот ќе се натпреварува во лигите на КФСМ; 1.3.
Седиште на клубот и адреса за прием на пошта;
1.4. Овластено лице за контакт;
1.5. Адреса на електронска пошта и телефон за службена кореспонденција; 1.6.
Трансакциска сметка на субјектот;
1.7. Единствен даночен број на субјектот; 1.8.
Матичен број на субјектот.

2. Кон молбата да приложи:

2.1. Решение за упис на правниот субјект во Централен регистар на Република Северна Македонија, не постаро од три (3) месеци, во оригинал или копија заверена на нотар;
2.2. Одлука потпишана од претседателот дека собранието на правниот субјект ќе пристапи кон членство во федерацијата

2.3 Статут на правниот субјект

2.3. Дисциплински правилник на клубот, кој е во согласност со актите на КФСМ;

3. Молбата треба да биде потпишана од овластено лице и на истата да има печат на субјектот.

Со поднесување на молбата за упис во КФСМ, клубот се обврзува дека ќе ги почитува Статутот, правилниците и другите нормативни акти на органите и организациите на Кошаркарска Федерација на Северна Македонија, ФИБА и Меѓународниот Олимписки Комитет.

Сите странки се должни, промената на податоците од ст.2 т.1 и т.2 веднаш да ја пријават во КФСМ, во спротивно КФСМ не сноси одговорност за правните последици.

**ЧЛЕН 4**

Регистрациската комисија на КФСМ на клубот му издава решение за прием, доколку се исполнети сите услови за прием во КФСМ.

По добивањето на Решението за прием на КФСМ клубот е должен да поднесе барање до Агенцијата за млади и спорт за добивање на решение за вршење дејност спорт.

**ЧЛЕН 5**

Регистрациската комисија на КФСМ е должна во рок од 7 (седум) дена по прием на молбата со комплетирана документација предметот да го земе во работа и најдоцна 24 часа пред истекот на рокот за пријавување во соодветното натпреварување во КФСМ за претстојната сезона да донесе Решение за упис на клубот како член на КФСМ.

Регистрациската комисија на КФСМ решението за упис го доставува до клубот, до Управниот одбор на КФСМ и до Генералниот секретар на КФСМ.

Доколку молбата за упис не ги содржи сите податоци наведени во член 3, став 2, точка 1, или доколку кон неа не се приложени документите наведени во член 3, став 2, точка 2, Регистрациската комисија најдоцна 24 часа пред истекот на рокот за пријавување во соодветното натпреварување во КФСМ за претстојната сезона, ќе донесе Решение со кое молбата ќе ја отфрли како некомплетна.

**ЧЛЕН 6**

По упис на клубот во КФСМ, истиот е должен да се вклучи од почеток на сезоната во првото следно натпреварување, а надлежниот орган на КФСМ е должен тоа да го овозможи.

Доколку клубот не се вклучи во рок од две (2) натпреварувачки сезони во систем на натпревари при КФСМ, Регистрациската комисија на КФСМ по службена должност ќе донесе Решение за бришење на клубот од членство во КФСМ.

**ЧЛЕН 7**

Во случај на статусна промена на клубовите извршена пред надлежна институција на РСМ, или во случај на предавање на остварено спортско право за натпреварување во одреден степен на натпреварување, како и во случај на фузија на два или повеќе клуба, Регистрациската комисија на КФСМ на барање на клубовите ќе издаде писмена согласност само доколку во прилог на барањето биде доставена изјава за преземање на сите права и обврски од страна на клубот кој бара согласност или меѓусебен договор во кој клубот што ги презема остварените спортски права за натпреварување, задолжително ги презел сите права и обврски од клубот кој ги предава остварените спортски права за натпреварувања.

Изјавата и договорот задолжително мора да бидат заверени со потпис и печат од овластените лица на сите страници на изјавата односно договорот.

Доколку клубот поради било која причина престане да се натпреварува во систем на натпреварување при КФСМ, а лицата вклучени во раководната работа на клубот, или лица од нивна фамилија регистрираат нов клуб (друг правен субјект) задолжително при поднесување на пријава за членство да достават и изјава заверена на нотар дека новоформираниот клуб ги презема сите обврски од претходниот клуб во кој тие, или член од нивна фамилија биле раководни членови.

Доколку клубот не се натпреварува една сезона, за пријавување во следната сезона ќе мора да достави копија од тековната состојба не постара од три (3) месеци.

**ЧЛЕН 8**

Членството на клубот во КФСМ престанува со:

1. Престанок на клубот како правно лице;
2. Доброволно истапување од членство на КФСМ на клубот со поднесување на изјава за испис од членство;
3. Забрана за вршење на дејност изречена од надлежен државен орган;
4. Одлука на Управен одбор на КФСМ, доколку клубот делува спротивно на Статутот и актите на КФСМ;
5. Одлука на Регистрациска или друга комисија на КФСМ, доколку клубот и покрај едно писмено предупредување и понатаму делува спротивно на Статутот и актите на КФСМ.
6. Неучество на клубот во натпреварувањата на КФСМ во две (2) последователни сезони.
7. Клубот работи со блокирана сметка повеке од една година

**ЧЛЕН 9**

Во случај на постоење на било која од причините наведени во член 8 од овој правилник, Регистрациската комисија на КФСМ, најдоцна во рок од 30 дена од настанување на причината, по службена должност ќе донесе Решение за бришење на клубот од членство во КФСМ.

Регистрациската комисија на КФСМ, решението од ст.1 ќе го достави до клубот, Управниот одбор на КФСМ и Генералниот секретар на КФСМ

**ЧЛЕН 10**

Генералниот секретар на КФСМ, преку Техничкиот секретар и канцелариската служба води регистар на клубови членки на КФСМ и за секој клуб води досие со целокупната документација од моментот на упис на клубот.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧИ

**ЧЛЕН 11**

Правата и обврските при регистрација, премин и настап на играчите се регулираат врз основа на следните начела:

1. Играчот доброволно го избира клубот каде ќе настапува;
2. При склучување на договор помеѓу играчот и клубот, обврска на клубот е играчот да го запознае со Статутот и актите на КФСМ, како и актите и правилниците на клубот;
3. Односот помеѓу играчот и клубот, се регулира со Договор склучен помеѓу играчот и клубот, задолжително евидентиран во КФСМ;
4. Настапот на играчи во странство и настап на странци во натпреварувањата на КФСМ може да се ограничи со цел да се заштити интересот на македонската кошарка;
5. Сите други права се регулираат со овој Правилник и општите акти на КФСМ, а одредбите во договорот не смеат да бидат во спротивност со овој Правилник.
6. При регистрација на играчите од сите возрасти, задолжително се доставува лекарско уверение за здравствената состојба на играчот, што се обновува два пати годишно, односно пред почеток на сезоната и уште еднаш на половина од сезоната, пред почеток на вториот дел од натпреварувањето во кое учествува играчот.

**ЧЛЕН 12**

Играчот доброволно го избира клубот во кој ќе настапува и со клубот потпишува договор во кој изразува слободна волја да биде регистриран и да настапува за клубот, изјавува дека ги прифаќа нормативните акти на клубот, актите на КФСМ, на ресорната државна институција, ФИБА и Меѓународниот Олимписки Комитет и се обврзува да ги почитува принципите на општиот спорски кодекс.

**ЧЛЕН 13**

Секој клуб е должен во пропишан рок, до Регистрациската комисија на КФСМ да достави листа на играчи кои ќе настапуваат за клубот.

Клубот што сака да регистрира играчи поднесува писмено барање на пропишан образец до Регистрациската комисија на КФСМ.

Клубот кон барањето приложува:

**1. ЗА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА – ИГРАЧИ СО ВОЗРАСТ ДО 14 (ЧЕТИРИНАЕСЕТ) ГОДИНИ:**
(играчи кои за првпат се запишуваат во регистарот на играчи на КФСМ, а нивниот упис се врши во текот на целата година):

1.1. Договор за тренинг и настап, склучен помеѓу клубот и родител/старател на играчот (за играчи до 14 години) заверен на нотар;

1.2. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот од овластена установа за спортска медицина во Република Северна Македонија, не постаро од 1 (еден) месец (може да биде доставено и дополнително, но нема да биде издадена лиценца за настап се до доставување на Уверението);

1.3. Фотокопија од важечки пасош (доколку играчот нема пасош, тогаш ученичка книшка или друг документ за лична идентификација со фотографија);

1.4. Фотографија во боја, 3х2,5 см, не постара од 1 (еден) месец;

1.5. Изјава – Согласност дека КФСМ може да врши обработка на личните податоци на играчот и да ги користи за свои потреби согласно Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ, бр. 7/05, бр. 103/08 и бр. 135/2011);

1.6. Полиса за осигурување на играчот од повреди настанати на тренинзи и натпревари;

**2. ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧИ СО ВОЗРАСТ ОД 14 (ЧЕТИРИНАЕСЕТ) ДО 18 (ОСУМНАЕСЕТ) ГОДИНИ:**

2.1. Договор за спортско усовршување склучен помеѓу клубот и родител/старател на играчот заверен на нотар;

2.2. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот од овластена установа за спортска медицина во Република Северна Македонија, не постаро од 1 (еден) месец; (може да биде доставено и дополнително, но нема да биде издадена лиценца за настап се до доставување на Уверението);

2.3. Фотокопија од важечки пасош (доколку играчот нема пасош, тогаш лична карта, ученичка книшка или друг документ за лична идентификација со фотографија);

2.4. Фотографија во боја, 3х2,5 см, не постара од 3 (три) месеци;

2.5. Изјава – Согласност дека КФСМ може да врши обработка на личните податоци на играчот и да ги користи за свои потреби согласно Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ, бр. 7/05, бр. 103/08 и бр. 135/2011);

2.6. Полиса за осигурување на играчот од повреди настанати на тренинзи и натпревари;

2.7 Потпишана изјава на образец од КФСМ за согласност за допинг тест контрола.

**3. ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧИ СО ВОЗРАСТ НАД 18 (ОСУМНАЕСЕТ) ГОДИНИ:**

3.1. Договор склучен помеѓу играчот и клубот заверен на нотар;

3.2. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот од овластена установа за спортска медицина во Република Северна Македонија, не постаро од 3 (три) месеци (може да биде доставено и дополнително, но нема да биде издадена лиценца за настап се до доставување на Уверението);

3.3. Фотокопија од важечки пасош доколку играчот нема пасош, тогаш лична карта, ученичка книшка, студентски индекс или друг документ за лична идентификација со фотографија);

3.4. Фотографија во боја, 3x2,5 см, не постара од шест месеци;

3.5. Изјава – Согласност дека КФСМ може да врши обработка на личните податоци на играчот и да ги користи за свои потреби согласно Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ, бр. 7/05, бр. 103/08 и бр. 135/2011);

3.6. Полиса за осигурување на играчот од повреди настанати на тренинзи и натпревари;

3.7. Потпишана изјава на образец од КФСМ за согласност за допинг тест контрола.

**4. ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧИ КОИ ПРЕМИНУВААТ ОД КЛУБ ВО КЛУБ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:**

4.1. Согласност за спогодбено раскинување на договорот со претходниот клуб или правосилна одлука за раскинување на договорот со претходниот клуб донесена од Регистрациската комисија на КФСМ.

4.2. Договор склучен помеѓу играчот и клубот во кој преминува заверен на нотар;

4.3. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот од овластена установа за спортска медицина во Република Северна Македонија, не постаро од 3 (три) месеци (може да биде доставено и дополнително, но нема да биде издадена лиценца за настап се до доставување на Уверението);

4.4. Фотографија во боја, 3x2,5 см, не постара од шест месеци;

4.5. Изјава – Согласност дека КФСМ може да врши обработка на личните податоци на играчот и да ги користи за свои потреби согласно Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ, бр. 7/05, бр. 103/08 и бр. 135/2011);

4.6. Полиса за осигурување на играчот од повреди настанати на тренинзи и натпревари;

**5. ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ДОМАШНИ ИГРАЧИ КОИ ПРЕМИНУВААТ ОД КЛУБ ВО СТРАНСТВО ВО КЛУБ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:**

5.1. Согласност - Сертификат (FIBA LETTER OF CLEARANCE) издаден преку ФИБА МАП систем за меѓународен трансфер на играчи. КФСМ го спроведува барањето на клубот за добивање сертификат согласно правилата на ФИБА;

5.2 Договор склучен помеѓу играчот и клубот во кој преминува заверен на нотар;

5.3. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот од овластена установа за спортска медицина во Република Северна Македонија, не постаро од 3 (три) месеци (може да биде доставено и дополнително, но нема да биде издадена лиценца за настап се до доставување на Уверението);

5.4. Фотографија во боја, 3х2,5 см, не постара од шест месеци;

5.5. Изјава - Согласност дека КФСМ може да врши обработка на личните податоци на играчот и да ги користи за свои потреби согласно Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (Службен Весникна РМ бр. 7/05, бр. 103/08 и бр. 135/2011);

5.6. Полиса за осигурување на играчот од повреди настанати на тренинзи и натпревари;

5.7. Потпишана изјава на образец од КФСМ за согласност за допинг тест контрола.

**6. ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА СТРАНСКИ ИГРАЧИ ВО КЛУБОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:**

6.1.Потпишан договор помеѓу играчот и клубот заверен на нотар;

6.2. Копија од пасош на играчот;
6.3. Фотографија во боја 3х2,5 см не постара од 6 (шест) месеци;
6.4. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот во кој ќе биде вклучен СИДА тест од овластена установа во РСМ, не постаро од 6 (шест) месеци;

6.5. Сертификат (Letter of clearance) издаден преку ФИБА МАП систем за меѓународен тренсфер на играчи. КФСМ го спроведува барањето на клубот за добивање на сертификат согласно правилата на ФИБА;

6.6.Изјава – Согласност дека КФСМ може да врши обработка на личните податоци на играчот и да ги користи за свои потреби согласно Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ,бр. 7/05, бр. 103/08 и бр. 135/2011);

6.7. Полиса за осигурување на играчот од играчот од повреди настанати на тренинзи и натпревари;

6.8. Потпишана изјава на образец од КФСМ за согласност за допинг тест контрола.

**7. ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА СТРАНСКИ ИГРАЧИ:**

7.1. Секој клуб што има право да регистрира странски играч, должен е со пријавата да ја достави комплетната документација најдоцна до 24 часа пред првенствен или КУП натпревар на екипата до почетокот на вториот дел на натпреварувачката сезона;

7.2. Заедно со оваа документација до канцеларијата на КФСМ клубот навремено доставува и барање за сертификат од федерацијата каде играчот настапувал пред потпишување на договорот;

7.3. Постапката за обезбедување на сертификат се води преку ФИБА, согласно утврдени прописи и рокови;

7.4. Играчот добива право на настап веднаш по издавање на натпреварувачка лиценца од КФСМ;

7.5 За регистрација на странски играч, клубот е должен да уплати во КФСМ, такса во ссодветен износ одредена од Управниот одбор на КФСМ.

**ЧЛЕН 14**

Регистрациската комисија на КФСМ е должна во рок од 7 (седум) дена по прием на пријавата во КФСМ да отпочне постапка за регистрација на играчите, а постапката треба да заврши во рок од 15 дена од денот на земање на предметот во работа, освен кога заради природата на постапката е потребен и подолг период.

Доколку документацијата доставена кон пријавата не е комплетна или е спорна, Регистрациската комисија на КФСМ прво го известува клубот за спорните документи, а доколку во рок од три (3) дена не бидат истите испратени ќе донесе Решение со кое ќе ја отфрли пријавата како некомплетна.

Листите на регистрираните играчи, се објавуваат на официјалната интернет страна на КФСМ, како официјално гласило на федерацијата.

Регистрација и настап на играчот се дозволени по правосилност на одлуката на Регистрациската комисија на КФСМ.

**ЧЛЕН 15**

Регистрациската комисија на КФСМ, преку техничката служба на КФСМ, води евиденција на регистрирани играчи со следните податоци:

1. Реден број на регистрацијата; 2.
Датум на регистрацијата;
3. Име и презиме на играчот;
4. Датум и место на раѓање на играчот; 5.
Единствен матичен кошаркарски број;
6. Место и адреса на живеење на играчот;
8. Име на клубот каде се регистрира играчот.

**ЧЛЕН 16**

Играч може да биде регистриран најмногу за 2 (два) клуба со еден остварен трансфер во текот на една натпреварувачка сезона.

Играч кој ќе потпише договор за два или повеќе клуба во ист преоден рок, подлежи на дисциплинска одговорност и останува член на клубот со кого прв го потпишал договор.

Играчот кој има важечки договор, а потпишал договор со друг клуб во друг преоден рок, ќе биде суспендиран и истиот нема право на настап се додека не се утврди дисциплинската одговорност. Таквиот играч останува член на клубот со кој има важечки договор, а договорот што го потпишал со другиот клуб е неважечки.

**ДОГОВОР**

**ЧЛЕН 17**

Меѓусебните права и обврски на играчот и клубот се регулираат со договор, на пропишан образец на КФСМ.

Договорите со нотарска заверка, во оригинал, се депонираат во КФСМ и се заведуваат во матичната книга за евиденција.

Доколку играчот нема наполнето 18 години, договорот во негово име го потпишува родителот/старателот.

Договорот треба да е составен во три (3) еднообразни примероци, заверени кај нотар, по еден за КФСМ, клубот и играчот.

Во случај на спор по договорот, првостепена комисија за одлучување е Регистрациска комисија, второстепена е Арбитражна комисија на КФСМ чија одлука има правосилна важност.

Дополнителен договор склучен помеѓу ист играч и ист клуб кој не е евидентиран во КФСМ, за временски период со кој е опфатен и периодот за кој е склучен евидентираниот договор, а во кој договор или во дел од него е регулиран ангажман во кошаркарскиот спорт, ќе произведува правно дејство и ќе биде признаен од надлежните тела на КФСМ, а ќе биде евидентиран со истиот сериски број како анекс на претходниот договор, доколку биде доставенво КФСМ во рок од седум (7) дена од неговото потпишување.

## ВИДОВИ ДОГОВОРИ

### ЧЛЕН 18

**(1) ДОГОВОР ЗА ТРЕНИНГ И НАСТАП (до 14 години)**

1. Играчот со возраст до 14 (четиринаесет) години е должен со клубот каде одбрал да тренира и за кого ќе настапува да потпише договор за тренинг и настап.

2. Овој договор се потпишува при прва регистрација за клуб и воведување на евиденција во КФСМ. Договорот се потпишува со важност до сезоната во која играчот полни 14 (четиринаесет) години.

3. Со овој договор се регулира правото на настап на играчот во лигите каде настапува, како и правата и обврските помеѓу играчот и клубот.

4. Освен во случај кога е посебно наведено во договорот, за играчите кои со клубот склучуваат договор за тренинг и настап се смета дека плаќаат членарина и дека се слободни во секое време да го раскинат договорот за тренинг и настап со клубот и во пропишаните преодни рокови да остварат трансфер во друг клуб без обештетување, согласно со Член 16 од овој Правилник.

5. Играчот кој има договор за тренинг и настап (до 14 години), може да настапува и за екипа од повозрасна категорија од истиот клуб со кој има договор, доколку клубот има пријавен настап на таква екипа и доколку е во согласност со Пропозициите за натпреварување во младинските лиги.

**(2) ДОГОВОР ЗА СПОРТСКО УСОВРШУВАЊЕ (14–18 години)**

1. Играчот првиот договор за спортско усовршување може да го потпише со клубот по избор во годината во која полни 14 (четиринаесет) години, со важност од наредните 4 (четири) сезони.

2. Играч на возраст поголема од 14 (четиринаесет) години, кој прв пат потпишува договор за спортско усовршување со клуб, го потпишува договорот со важност заклучно со сезоната во која играчот полни 18 (осумнаесет) години.

3. Во овој договор задолжително треба да биде назначено дали играчот плаќа или не плаќа членарина за време на својот престој во клубот со кој потпишува договор за спортско усовршување.

4. Доколку во договорот не е посебно наведено дали играчот плаќа или не плаќа членарина, во постапките на Регистрациска или други комисии на КФСМ, ќе се смета дека играчот плаќа членарина.

**(3) ПРВ ДОГОВОР ЗА СЕНИОРИ (18–22 години)**

1. Играчот првиот сениорски договор може да го склучи со клубот по избор во годината во која полни 18 (осумнаесет) години, со важност не повеќе од четири (4) сезони.

**(4) ДОГОВОР ЗА СЕНИОРИ (постари од 22 години)**

1. Договорите за сениори се склучуваат со важност од најмалку една натпреварувачка сезона, од месец Септември заклучно со месец Јуни.

**ЧЛЕН 19**

Во рокот за кој се склучени договорите не се смета временскиот период:

1. Кога играчот е под казна подолга од 3 (три) месеци забрана за играње, изречена од страна на органи на КФСМ;

2. Кога играчот е под казна подолга од 3 (три) месеци изречена од клубот, а потврдена од органите на КФСМ;

3. Во кој играчот настапувал во друг клуб кој не е член на КФСМ, без согласност на својот клуб;

4. Поминат на школување во странство, со одобрение на клубот;

5. Кога е на сила правосилна судска одлука со казна затвор подолга од 3 (три) месеци.

**ЧЛЕН 20**

Во зависност од степенот на натпреварување, секој клуб може да има склучено ограничен број договори и тоа:

1. **СУПЕР ЛИГА МАЖИ И ПРВА ЛИГА ЖЕНИ -** најмногу со 16 (шеснаесет) домашни играчи сениори и најмногу 10 странски играчи во текот на сезоната.

1.1. Играчи кои имаат потпишано договор со клубот за настап во младинските категории, имаат право на настап за сениорската екипа. Таквите играчи не мора да се наоѓаат на списокот на сениорската екипа.

1.2. Во случај на фузија на два клуба во сениорска конкуренција, играч од младински категории може да настапува за сениорската екипа, само за екипата/клубот со кој играчот има потпишан договор.

2. **ПРВА МАКЕДОНСКА ЛИГА МАЖИ -** најмногу со 16 (шеснаесет) домашни играчи сениори и најмногу 10 (десет) странски играчи во текот на целта натпреварувачката сезона,

2.1. Играчи кои имаат потпишано договор со клубот за настап во младинските категории, имаат право на настап за сениорската екипа. Таквите играчи не мора да се наоѓаат на списокот на сениорската екипа.

2.2. Во случај на фузија на два клуба во сениорска конкуренција, играч од младински категории може да настапува за сениорската екипа, само за екипата/клубот со кој играчот има потпишан договор.

3. **ВТОРА ЛИГА ЖЕНИ** најмногу со 18 (осумнасет) домашни играчи сениори.

3.1. Во втора лига жени е забранет настап на странски играчи.

3.2. Играчи кои имаат потпишано договор со клубот за настап во младинските категории, имаат право на настап за сениорската екипа. Таквите играчи не мора да се наоѓаат на списокот на сениорската екипа.

3.3. Во случај на фузија на два клуба во сениорска конкуренција, играч од младински категории може да настапува за сениорската екипа, само за екипата/клубот со кој играчот има потпишан договор.

4. **АМАТЕРСКА ЛИГА МАЖИ,** најмногу со 18 (осумнасет) домашни играчи сениори.

4.1. Настапот на странски играчи е забранет.

4.2. Играчи кои имаат потпишано договор со клубот за настап во младинските категории, имаат право на настап за сениорската екипа. Таквите играчи не мора да се наоѓаат на списокот на сениорската екипа.

4.3. Во случај на фузија на два клуба во сениорска конкуренција, играч од младински категории може да настапува за сениорската екипа, само за екипата/клубот со кој играчот има потпишан договор.

**5.МЛАДИ КАТЕГОРИИ** најмногу со 18 (осумнасет) домашни играчи во секоја младинска категорија, утврдена од УО на КФСМ.

5.1 Играч кој има потпишано договор со клубот за настап во младинска лига, има право на настап за најмногу 2 (две) категории во младинските екипи на клубот доколку ги исполнува условите за возраст и задолжително треба да се наоѓа на листата на играчи за настап на соодветните две категории младински екипи.

5.2 Играч кој има потпишано договор со клубот за настап во сениорска лига, има Право на настап за најмногу 2 (две) категории во младинските екипи на клубот доколку ги исполнува условите за возраст и задолжително треба да се наоѓа на листата на играчи за настап на соодветните две категории младински екипи.

5.3 Во случај на фузија на два клуба, играч од младински категории може да настапува за младинска екипа само за клубот со кој играчот има потпишан договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

### ЧЛЕН 21

(1) Доколку играчот и клубот не ги исполнуваат обврските утврдени со договорот, секој од нив може да бара раскинување на договорот.

(2) Доколку вредноста на договоророт е 0 денари односно без надомест, тогаш играчот и клубот, секој од нив може да бара раскинување на договорот без отказен рок и во секое време без никзакви ограничувања за двете страни

(3) Барање за раскинување на договорот, на пропишан образец, со прецизно и уредно наведени причини за раскинување на договорот и со прилог докази за сите наводи, доколку барателот поседува докази за истакнатите наводи, се поднесува до Регистрациската комисија на КФСМ. Заедно со барањето, барателот е должен да достави доказ за уплата на такса за раскин на договор, во износ од 3.000 денари во машките лиги, сениорски и младински и 1.500 денари во женските лиги, сениорски и младински.

(4) Играчот е должен кон барањето за раскинување на договорот да достави доказ дека копија од барањето за раскинување на договорот доставил до клубот кој е договорна страна во договорот чие раскинување се бара.

(5) Регистрациската комисија на КФСМ е должна во рок од 3 дена по прием на барањето за раскинување на договор, предметот да гоземе во работа,а постапката треба да заврши во рок од 15 дена од денот на земање на предметот во работа, освен кога заради природата на постапката е потребен и подолг период.

(6) Регистрациската комисија врз основа на расположливите докази, со решение може:

1. Да го уважи барањето за раскинување на договорот како основано; или 2. Да го одбие барањето за раскинување на договорот како неосновано.

(7) Доколку Регистрациската комисија на КФСМ утврди дека барањето на подносителот е неуредно и нејасно, ќе го задолжи подносителот во краток рок да го уреди и прецизира барањето, за да може по истото да се постапува.

(8) Барањето за раскинување на договорот кое подносителот во дадениот рок нема да го уреди и прецизира, Регистрациската комисија на КФСМ со решение ќе го отфрли како неуредно.

(9) Одлуката на Регистрациската комисија на КФСМ донесена по барањето за раскинување на договорот се доставува до играчот и до клубот.

(10) Незадоволната страна од Одлуката на првостепената Регистрациска Комисија, може да се жали до второстепената Арбитражна комисија на КФСМ, наведувајќи ги причините за незадоволството од Одлуката, со приложена доказна документација кон жалба и потврда за уплатена сума на сметката на КФСМ:

- 20.000 денари за сениорски Договор од Прва лига мажи,
- 10.000 денари за сениорски Договор од Втора и Трета лига мажи и Прва лига жени,
- 5.000 денари за Договор за спортско стипендирање, или учесник во Младинска лига.

Второстепената Одлука на Арбитражната комисија на КФСМ е конечна и правосилна.

**ПРЕМИН ОД КЛУБ ВО КЛУБ**

**ЧЛЕН 22**

**(1) Играч со Сениорски договор**, со статус на слободен играч, може да премине во друг клуб, од 01.07 секоја година, до 72 часа пред почетокот на првата средба од вториот дел на првенството, а Управен Одбор на КФСМ е должен, по предлог на Регистрациската комисија, со одлука да го одреди точниот датум на завршување на периодот предвиденза премин во друг клуб како рок на доставување на пријавна листа.

**(2) Играч со договор за спортско усовршување до 18 години** може да премине од клуб во клуб за време на летен и зимски преоден рок.

Управниот одбор на КФСМ е должен, по предлог на Регистрациската комисија, со одлука да го одреди точниот датум на завршување на периодот предвиден за премин во друг клуб како и рок на доставување на пријавна листа.

Листата мора да содржи најмалку 10 играчи, а може да биде дополнувана до 18 играчи, до 72 часа пред почетокот на првата средба од колото предвидено за почетокот на првенството, но само за играчи кои веќе имаат важечки договори со клубот.

Играчите со договор за спортско усовршување, со статус на слободен играч, можат да поминат во друг клуб и за време на зимскиот преоден рок во третата недела од Јануари, кој трае пет (5) дена, а датумот го одредува Регистрациската комисија на КФСМ.

**(3) Играч со договор за тренинг и настап до 14 години** може да премине од клуб во клуб за време на летен и зимски преоден рок.

Управниот одбор на КФСМ е должен, по предлог на Регистрациската комисија, со одлука да го одреди точниот датум на завршување на периодот предвиден за премин во друг клуб како и рок на доставување на пријавна листа.

Листата мора да содржи најмалку 10 играчи, а може да биде дополнувана до 18 играчи, до 72 часа пред почетокот на првата средба од колото предвидено за почетокот на првенството, но само за играчи кои веќе имаат важечки договори со клубот.

Играчите со договор за тренинг и настап, со статус на слободен играч, можат да поминат во друг клуб и за време на зимскиот преоден рок во третата недела од Јануари, кој трае пет (5) дена, а датумот го одредува Регистрациската комисија на КФСМ.

**ЧЛЕН 23**

(1) Играч кој има склучено договор со клуб, а клубот е исклучен од натпреварување, или клубот престанал да се натпреварува од било која причина, своето право на премин од клуб во клуб играчот може да го оствари најдоцна до денот на завршување во соодветниот преоден рок.

(2) Играч регистриран во сениорска екипа, кој го раскинал договорот со клубот, може да оствари само еден премин во друг клуб, до 24 часа пред било кој натпревар од првиот дел од натпреварувањето во тековната сезона, односно до последниот ден од единствениот преоден рок.

(3) Не се смета за премин од клуб во клуб, доколку играчот не остварил настап за клубот, затоа што клубот бил исклучен, или се откажал, или од било која друга причина не го започнал натпреварувањето во тековната сезона. Во таков случај, играчот е слободен да потпише со било кој друг клуб и дополнително да оствари премин во уште еден клуб, согласно одредбите од овој правилник.

(4) Не се смета за премин од клуб во клуб (само за младински играч), ако играчот кој има склучено договор со клубот, не се наоѓа на пријавната листа на тој клуб пред почетокот на тековната сезона. Во таков случај, играчот е слободен да потпише договор со било кој друг клуб и дополнително да оствари премин во уште еден клуб, согласно одредбите од овој Правилник.

(5) Играч не може да настапува за два клуба во едно исто коло од сезоната.

(6) Ако клубот нема слободно место на пријавната листа за тековната сезона, може да ослободи место со раскинување на договор со некој од играчите на листата.

(7) За странски играчи важат одредбите од Глава IX од овој Правилник.

(8) Екипа во младинските лиги на КФСМ има право да изврши најмногу 3 (три) измени на играчи во листата на регистрирани играчи со право на настап, само во првиот дел од првенството во тековната сезона.

(9) Играчите во младинските лиги на КФСМ, кои ќе бидат избришани од пријавната листа на клубот добиваат статус на слободни играчи со право на премин во друг клуб без обесштетување, согласно одредбите на овој Правилник.

**ЧЛЕН 24**

Право на премин од клуб во клуб има:

1. Играч на кого му истекол договорот;

2. Играч кој спогодбено го раскинал договорот со дотогашниот клуб;

3. Играч кому со правосилна одлука на надлежен орган на КФСМ му е раскинат договорот со дотогашниот клуб;

4. Играч кој не е на списокот на играчи на клубот за наредната сезона (само за младински играчи);

5. Играч чиј клуб не се пријавил за натпреварување, се откажал од натпреварување, е исклучен од натпреварување или се откажал од натпреварување од било која причина;

6. Играч со договор за тренинг и настап, без обесштетување, освен ако тоа не е регулирано во договорот за тренинг и настап;

7. Играч со договор за спортско усовршување, кој има договор за спортско усовршување со одреден клуб, има право да оствари премин во друг клуб во земјата, под следниве услови:

7.1 Играч кој наполнил 18 години и кој во периодот од 14 до 18 години редовно плаќал членарина за секоја сезона, документирано преку банкарски трансакции, сметки или договори со родителот/старателот, се стекнува со слободен статус по истекот на договорот за спортско усовршување, и има право да потпише прв сениорски договор со клуб по сопствен избор, без обесштетување.

7.2. Играч кој не плаќал членарина, а клубот континуирано вложувал во неговиот развој, може да потпише прв сениорски договор со матичниот клуб по модел 2+2 сезони, или преминот во друг клуб е условен со соодветно обесштетување.

- 12.000,00 (дванаесет илјади) денари, за секоја одиграна сезона (Септември – Јуни) во младинските лиги на КФСМ,
- 48.000,00 (четириесет и осум илјади) денари за секоја одиграна сезона (Септември – Јуни) во младинските лиги на КФСМ, ако притоа е лиценциран од ФИБА за соодветната селекција на Република С. Македонија и се наоѓа на листата од 12 кошаркари кои настапиле на соодветното младинско Европско првенство,
- Доколку се работи за меѓународен трансфер, погоре споменатите износи се удвојуваат, односно се множат со коефициент 2 (два).
- Пресметување на висината на обесштетувањето врши Регистрациската комисија на КФСМ. Од вкупната пресметана сума на сметка на клубот се уплаќа само 75%.
- Доколку играч, кој се стекнал со право на репрезентативец, односно е лиценциран од ФИБА за соодветна селекција, побара раскин на договор во тек на сезона, во пресметките за обесштетувањето ќе се пресметува согласно став 7.2 од Член 25.
- Доказот за извршено плаќање на утврденото обесштетување од било кој субјект со ознака за кого и за што се однесува уплатата, се доставува до канцеларијата на КФСМ.
- Клубот кој треба да биде обесштетен, може да се откаже од тоа побарување со писмена изјава уредно потпишана од овластено лице на клубот и заверена со печат и таквата изјава треба уредно да се достави до канцеларијата на КФСМ.

## ФУЗИЈА НА КЛУБОВИ

## ЧЛЕН 25

(1) Фузија на клубови во натпреварувањата на КФСМ е здружување на два или повеќе клуба со договор за фузија во писмена форма, заради остварување на нивните цели во интерес на нивниот и развојот на кошарката.

(2) Кон барањето за фузија, клубовите се должни во роковите предвидени во овој член, до Регистрациската комисија на КФСМ да го достават Договорот за фузија во оригинал во потребен број примероци (по еден за секој клуб учесник во фузијата и еден за КФСМ).
Договорот интерно ќе се евидентира во регистарот на КФСМ откако ќе биде приложен доказ за уплата на административна такса во висина од 2.000,00 денари.

(3) Регистрациската комисија на КФСМ е должна најдоцна во рок од 3 дена од поднесување на барањето, предметот да го земе во работа, а постапката треба да заврши во рок од 15 дена од денот на земање на предметот во работа, освен доколку заради природата на постапката е потребен и подолг период.

(4) Договорот за фузија склучен помеѓу два или повеќе клуба за КФСМ произведува правно дејство откако истиот ќе биде одобрен со решение на Регистрациската комисија на КФСМ

(5) Во моментот кога фузијата е одобрена со решение на Регистрациската комисија на КФСМ, клубовите кои се фузираат продолжуваат да ги остваруваат своите права и обврски кон КФСМ како еден клуб–субјект, односно, согласно меѓусебниот договор за фузија преку избран овластен претставник и потписник, избрано име–назив на клубот, печат, сметка во деловна банка во Република Северна Македонија, контакти, седиште, поштенска и електронска адреса на клубот кој во иднина ќе биде претставник пред КФСМ.

(6) Клубот претставник од фузираните клубови, согласно договорот за фузија, продолжува да се натпреварува во една од сениорските лиги на КФСМ, додека останатите клубови, учесници во фузијата, можат да продолжат посебно да се натпреваруваат во младинските лиги на КФСМ како посебни правни субјекти. Клубовите учесници во фузијата немаат право да се натпреваруваат во сениорските лиги се додека договорот за фузија е на сила.

(7) Во договорот за фузија, задолжително треба да стои одредба за начинот на евентуално раздружување, во која прецизно е објаснето која од екипите со каков натпреварувачки статус ќе продолжи по настанатото раздружување, прецизна одговорност на субјектите во однос на финасиските делувања – приходи од членарини, приходи од маркетинг на лигите, награди по пласман во лигите на КФСМ и друго, како и расходи во однос за натпреварување, котизации, казни, лиценцирање и друго согласно Правилниците и Пропозициите за натпреварување и други акти, како и според одлуки на овластени тела на КФСМ.

(8) Фузија на клубови може да има правно дејство во системот на натпреварување на КФСМ ако се изврши најдоцна до 24 часа пред истекот на рокот за поднесување на пријавни листи за претстојната сезона.

(9) Фузија на клубови извршена по овој рок може да има правно дејство во системот на натпреварување на КФСМ од наредната сезона.

**ИГРАЊЕ ВО СТРАНСТВО**

**ЧЛЕН 26**

Играчите стекнуваат право на играње во странство по добивање на согласност од клубот и издадена согласност-сертификат од страна на КФСМ.

**ЧЛЕН 27**

Барањето за издавање на согласност за играње во странство се поднесува до Регистрациската комисија на КФСМ преку канцеларијата на КФСМ, а комплетната документација треба да содржи:

1. Барање доставено преку ФИБА МАП систем од кошаркарската федерација каде припаѓа тој клуб, упатено до КФСМ;
2. Согласност на клубот за играње во странство, доколку договорот не е истечен; 3. Уплата на административна такса.

**ЧЛЕН 28**

(1) Меѓународен трансфер на играчи до 18 години возраст не е дозволен, освен во специјален случај кога со писмена согласност на клубот, овластено лице на КФСМ издава сертификат за играње во странство, врз основа на одредбите пропишани во актите на ФИБА и во овој Регистрациски правилник на КФСМ;

(2) За играчи постари од 18 години, согласност-сертификат за играње во странство се издава од овластено лице на КФСМ, врз основа на одредбите пропишани во актите на ФИБА и во овој Регистрациски правилник на КФСМ.

**ВРАЌАЊЕ НА ИГРАЧИ ОД СТРАНСТВО**

**ЧЛЕН 29**

1. Играч кој добил согласност за играње во странство во тековната натпреварувачка сезона може да се врати за настап во домашното првенство со комплетна документација најдоцна до завршување на преодниот рок.

2. Играч кој веќе остварил еден трансфер во домашното првенство во тековната сезона, а потоа направил и меѓународен трансфер, може да биде регистриран како повратник од странство само за клубот од каде ја добил согласноста за играње во странство и тоа најдоцна до завршување на преодниот рок.

3. Играч може да се врати да настапува во домашното првенство со клуб со кој ќе потпише договор, само доколку остварил ангажман во клуб во странство и притоа се поминати два (2) месеци од денот на издавањето на сертификатот.

## НАСТАП НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

### ЧЛЕН 30

За странски играч ќе се смета доколку играчот нема државјанство на Република Северна Македонија.

### ЧЛЕН 31

1. Клуб кој има право да регистрира странски играчи, пријавата за регистрација со комплетна документација мора да ја достави преку канцеларијата на КФСМ до Регистрациската комисија на КФСМ, најдоцна до 24 часа пред било кој натпревар до почеток на вториот дел на првенството.

2. Клубот може да врши замена на најмногу 10 (десет) странски играчи во текот на целата натпреварувачката сезона.

3. Странски играч може да оствари 1 (еден) премин од клуб во клуб во земјата до крајот на првиот дел од првенството.

4. Клуб од Супер лига мажи, на пријавната листа - НАТ образец има право да пријави не повеќе од 4 странски играчи, но во игра во регуларниот дел од првенството (до почетокот на плеј-офот, плеј-аутот и завршницата на Купот на Република С. Македонија) имаат право на терен да играат само 3 странски играчи. Додека во плеј-офот, плеј-аутот и Куп завршницата ограничувањето не важи и дозволен е настап на сите 4 странски играчи.

5. Клуб од Прва лига жени, на пријавната листа - НАТ образец, има право да пријави не повеќе од 3 странски играчи, но во игра во регуларниот дел од првенството (до почетокот на плеј-офот, плеј-аутот и завршницата на Купот на Република С. Македонија) имаат право на терен да играат само 2 странски играчи. Додека во плеј-офот, плеј-аутот и Куп завршницата ограничувањето не важи и дозволен е настап на сите 3 странски играчи.

6. Клуб од Прва македонска лига мажи има право на пријавување и настап најмногу 1 странски играч во составот на екипата На еден натпревар. Нема ограничување на времето на игра за тој играч во текот на целата натпреварувачка сезона

7. Странски играчи до 18 години возраст кој има регулиран престој во РСМ по основа на школување или привремена работа на родителите, може да биде регистриран како домашен играч и да настапува во соодветна млада категорија на натпреварување, со специјална дозвола од Регистрациската комисија на КФСМ и спроведена постапка според ФИБА МАП системот.

### ЧЛЕН 32

(1) Странски играч кој настапува за клуб во Република Северна Македонија и во текот на сезоната стекне право на настап за репрезентацијата на Северна Македонија, стекнува право за својата екипа да настапува како домашен играч, доколку биде регистриран пред почеток на вториот дел на првенството.

(2) Доколку клубот има регистрирано максимален број на домашни играчи, тогаш клубот има право на своја штета да му го раскине договорот на еден играч од листата на веќе регистрираните играчи, на начин што е должен во целост да го обесштети играчот согласно условите предвидени во договорот, а играчот се стекнува со својство на слободен играч.

**ЧЛЕН 33**

За секоја регистрација на странски играч клубот е должен да уплати во КФСМ сума во износ кој го одредува Управниот одбор на КФСМ.

**НАСТАП НА ИГРАЧИТЕ**

**ЧЛЕН 34**

На натпревари од сите степени на натпреварување како и КУП натпревари, играчите може да настапуваат само доколку се навремено и правилно регистрирани согласно одредбите од овој Правилник и објавените листи на регистрирани играчи на официјалната страна на КФСМ.

**ДВОЈНА ЛИЦЕНЦА**

**ЧЛЕН 35**

(1) Играч до 21 година возраст, кој има право да настапува во сениорските лиги на КФСМ, може да настапува во друг клуб што се натпреварува во понизок ранг на натпреварување, со издавање на двојна лиценца, врз основа на писмена согласност на клубот каде играчот е регистриран. Ако клубот што ја издава согласноста за двојна лиценца има младинска екипа, сите играчи што имаат право за настап за тој клуб во младинските лиги, без оглед дали се наоѓаат на сениорската листа или не, можат да настапуваат со двојна лиценца за друг сениорски клуб од понизок ранг.

(2) Еден клуб може да има најмногу 4 (четири) играчи со двојна лиценца, во една натпреварувачка сезона.

(3) Двојната лиценца може да биде издадена најдоцна до 24 часа пред почеток на првиот дел или пред почеток на вториот дел на соодветната лига во тековната натпреварувачка сезона.

(4) Ако клуб кој дава играч и клуб кој прима играч на двојна лиценца, се натпреваруваат во меѓусебно натпреварување или во втор дел од ист ранг, согласно утврден систем на натпреварување во тековната натпреварувачка сезона, двојната лиценца автоматски престанува да важи пред почеток на тоа натпреварување.

(5) Двојната лиценца престанува да важи заклучно со последниот натпревар од регуларниот дел од сезоната. Во завршниците од лигите, Супер лигата и Плеј аут лигата, односно Плеј-офот, четврфиналната фаза, полуфиналната фаза и финалната фаза, матичниот клуб на играчот кој настапува со двојна лиценца, мора да одлучи за кој клуб ќе продолжи да настапува играчот до крајот на првенството.

**ЧЛЕН 36**

(1) Играч може да настапува за друг клуб на пријателски или официјални меѓународни натпревари, но само со писмено одобрение од клубот за кој е регистриран во таа натпреварувачка сезона.

(2) Во случај играчот да ја прекрши одредбата од став 1 на овој член, играчот и клубот за кој настапил, прават дисциплински прекршок.

## РЕГИСТРИРАЊЕ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ТРЕНЕРИ

**ЧЛЕН 37**

(1) Регистрирање на кошаркарските тренери врши Тренерската комисија на КФСМ.

(2) Кошаркарските тренери може да ја извршуваат својата должност ако поседуваат лиценца за соодветната категорија на натпреварување во системот на натпреварување на КФСМ.

(3) Лиценците за вршење на тренерска должност ги издава Здружението на кошаркарските тренери на КФСМ во соработка со Тренерската комисија при КФСМ, врз основа на утврдени критериуми и добивање на истата.

(4) Договорите за регулирање на меѓусебните права и обврски склучени помеѓу тренерот и клубот кои ќе се евидентираат во КФСМ ќе произведуваат правно дејство пред органите на КФСМ.

(5) Договори за регулирање на меѓусебните права и обврски склучени помеѓу тренерот и клубот што не се евидентирани во КФСМ, не произведуваат правно дејство за КФСМ.

(6) Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски, треба прецизно да ги опише правата и обврските на тренерот и клубот. Тренерот има право, доколку не му се исполнети финансиските побарувања во однос на Договорот, да побара заштита од ЗКТМ и Регистрациската комисија на КФСМ, кои не смеат да издаваат лиценца за нов тренер, се додека клубот не приложи доказ дека се исплатени финансиските побарувања кон претходниот тренер. Тренерот има право да се откаже од неостварените побарувања и за тоа да го извести ЗКТМ и Регистрациската комисија на КФСМ, со писмена изјава.

## ПРАВО НА ЖАЛБА И БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТ

**ЧЛЕН 38**

(1) Против решенијата на Регистрациската комисија на КФСМ, и против сите одлуки на Регистрациската комисија на КФСМ, странките во рок од 3 (три) дена од денот на прием на одлуката, имаат право на жалба преку Регистрациската комисија на КФСМ до Арбитражата на КФСМ согласно чл.5и чл.10 од Правилникот за Арбитража на КФСМ.

(2) Жалба која е поднесена по истекот на предвидениот рок ќе биде отфрлена како ненавремена.

(3) Жалбата има суспензивно дејство врз првостепените одлуки.

(4) Доколку против одлука на Регистрациската комисија на КФСМ една од странките поднела жалба, регистрација и настап на играчот не се дозволени се до донесување на одлука на Арбитражата на КФСМ.

(5)Арбитражата на КФСМ е должна во рок од 7 (седум) дена по приемот на жалбата, предметот да го земе во работа.

(6) Против правосилна одлука на Регистрациската комисија на КФСМ, странките имаат право на Барање за заштита на законитоста кое се поднесува преку Регистациската комисија на КФСМ до комисијата на Управниот одбор на КФСМ.

(7) Барањето за заштита на законитост нема суспензивно дејство врз правосилната одлука на Регистрациската комисија на КФСМ, а одлуката донесена по истото нема ретроактивно дејство врз натпреварите кои се одиграле до моментот на нејзино донесување.

(8) КФСМ не сноси одговорност за надомест на било каква штета настаната заради укинување на првостепената одлука.

(9) Доколку странките не го искористиле правото на жалба, истите немаат право да поднесат барање за заштита на законитоста против правосилна одлука на Регистрациската комисија на КФСМ.

(10) Висината на таксите за поднесување на жалба и барање за заштита на законитоста ги одредува УО на КФСМ.

**ДОСТАВА**

**ЧЛЕН 39**

(1) Странките вршат кореспонденција со КФСМ и комисиите на Управниот Одбор на КФСМ преку канцеларијата на КФСМ.

(2) Доставувањето на писмената документација до КФСМ се врши непосредно во канцеларијата на КФСМ со приемен печат, по пошта и по електронски пат кога е тоа предвидено со овој правилник.

(3) Секое писмо кое правно лице го поднесува до канцеларијата на КФСМ, мора да биде потпишано и доставено од овластено лице и да има печат на правниот субјект, или да биде доставено преку полномошник со полномошно заверено на нотар, или преку адвокат со уредно полномошно заверено со печат на адвокатот.

(4) Секое писмо кое физичко лице го поднесува до канцеларијата на КФСМ, мора да биде доставено лично од подносителот со прилог документ за лична идентификација, или преку полномошник со полномошно заверено на нотар, или преку адвокат со уредно полномошно заверено со печат на адвокатот.

(5) Ден на прием на писмото во КФСМ се смета денот кога истото непосредно е донесено во КФСМ, односно денот кога писмото е пратено по пошта.

(6) Техничкиот секретар на КФСМ е должен сите писма што ги доставува до заинтересираните странки да ги достави преку пошта со препорачана пратка на адресата на странките назначена како адреса за прием на писмена.

(7) Адресата за клубот е назначена во молбата за упис, а адресата за секој играч е назначена во договорот кој е евидентиран во КФСМ.

(8) Странките се должни за промена на адресата за прием на писма веднаш писмено да ја известат КФСМ, во спротивно ги сносат правните последици.

(9) Кога доставата се врши преку пошта со препорачана пратка на адреса на лицето на кое таа му се доставува, доставата ќе се смета за извршена кога писменото ќе му биде врачено на лицето, односно ако лицето не го подигне писменото во дадениот рок кој стои на известувањето.

(10) Кога во предвидени случаи достава се врши по електронски пат, доставата се смета за извршена на денот на приемот на писмото по електронски пат на адреса на е–пошта.

**РОКОВИ**

**ЧЛЕН 40**

(1) Роковите се сметаат во денови, месеци и години.

(2) Кога рокот е определен во денови, во рокот не се засметува денот кога доставувањето или соопштувањето е извршено, туку за почеток за течење на рокот се смета првиот нареден ден.

(3) Во тек на предвидениот рок се сметаат сите работни и неработни денови.

(4) Само доколку последниот ден на рокот е недела или државен празник, или друг ден кој е прогласен за неработен, рокот истекува со истекот на првиот нареден работен ден.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**ЧЛЕН 41**

За се што не е регулирано со овој правилник, деловниците на комисиите и други акти на КФСМ, се применуваат интерните прописи и регулации на ФИБА Европа и ФИБА.

**ЧЛЕН 42**

Обрасците наведени во овој правилник ги пропишува УО на КФСМ и истите ќе се применуваат од денот на стапување во сила на овој правилник.

**ЧЛЕН 43**

Измени и дополнувања на овој правилник се вршат на начин и по постапка како и за негово донесување.

**ЧЛЕН 44**

Толкување на одредбите на овој правилник дава Управниот одбор на КФСМ.

**ЧЛЕН 45**

Овој правилник стапува во сила и ќе се применува од денот на донесувањето.
Со влегување во сила на овој правилник, престанува важноста на пречистениот текст со измени и дополнувања на Регистрацискиот правилник донесен на 18.08.2023 година.

Кошаркарска Федерација на Северна Македонија,

____________________________________